Република Северна Македонија

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЉУБЕН ЛАПЕ“

Општина Аеродром 03-110/1
15.04 2026

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УПИС НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

За запишување на ученици во прво одделение во Општинското основно училиште „Љубен Лапе”, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2026/2027 година

## ДЕЛ 1: ОПШТИ НАПОМЕНИ

· Согласно член 60 и член 61 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19 и 229/20), се нормирани постапката, начинот , условите и потребната документација за запишување на ученици во прво одделение во основно училиште.

· Децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во текот на месец мај во просториите на училиштето.

· Запишувањето ќе се одвива секој работен ден, во временски период од 9:00 до 14:00 часот.

· Во прво одделение се запишуваат деца родени 2020 година кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години.

· Во прво одделение може да се запишат и деца родени до 31.01.2021 година, по претходно барање на родителите и добиено мислење од педагог или психолог во училиштето.

· Согласно член 63 став I од Законот за основно образование, родителот односно старателот има право и обврска да го запише детето во основното училиште во реонот во кој има живеалиште или каде што има престојувалиште.

· При запишувањето на учениците, задолжително е секој родител/старател да има уредно и читливо пополнета Пријава со комплетна документација во прилог кон Пријавата како што е наведен во Дел 2 од овој Оглас.

## ДЕЛ 2 : ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Пополнета Пријава за запишување ученик во прво одделение во учебната 2026/2027 година.

2. Извод од матична книга на родени за детето (копија)

3. Лична карта на родител/старател (на увид)



Скенирано со CamScanner

**4. Потврда за примените здолжителни вакцини за детето, издадена од надлежна здравствена установа каде се примени вакцините на детето**

**5. Потврда за стоматолошки преглед на детето, издадена од надлежна здравствена установа (ЈЗУ- Поликлиника Јане Сандански)**

**6. Потврда за офтамолошки преглед од било која установа**

**7. При запишување на дете со комплексни потреби во прво одделение родителот/старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од Комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.**

**Пријавата за запишување ученик во прво одделение во учебната 2026/2027 година може да се превземе од интернет страницата на училиштето.**

**oouljubenlape.edu.mk**

**Документите наведени во Дел 2 од овој Оглас треба да бидат доставени на денот на тестирањето (опсервацијата) на Вашето дете до Комисијата за запишување на ученици во ООУ „Љубен Лапе”, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2026/2027 година.**

**Комисијата за запишување на ученици во ООУ „Љубен Лапе”, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2026/2027 година ќе закаже термини за тестирање (опсервација) на учениците според списокот за реонизација добиен од основачот на училиштето и ќе го објави на влезната врата и на интернет страницата на училиштето.**

**ДИРЕКТОР**

**ООУ „Љубен Лапе”**

**Фоника Станоева**

Република Северна Македонија Општинско основно училиште ЉУБЕН ЛАПЕ Аеродром-Скопје



Скенирано со CamScanner